Бр./Nr 12-5762/4

28-10-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9-та седница одржана на 09.10.2024 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-5762/1 од 13.06.2022 година, оформен по доставена пријава во однос на конкурс за вработување на актери во НУЦК “------” - -----, **СЕ ЗАПИРА** од причина што ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и не е констатирана повреда на законот.

Предметот со број 12-5762/1 од 13.06.2022 година да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето, а препис од одлуката да се достави до пријавителот.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител ------ ------, на ден 13.06.2022 година, е поднесена пријава во однос на конкурс за вработување на актери во НУЦК “------” – ------, по која е оформен предмет број 12-5762/1 од 13.06.2022 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомненија за неправилно спроведен конкурс за вработување на актери од четврта категорија во НУЦК “------” - ------. Подносителот на пријавата наведува дека имал причини да верува дека конкурсот бил „наместен“ за актерките ------ ------ од ------ и ------ ------ од ------ кои

ги форсирал директорот ----- -----, а се правеле напори да се елиминираат дел од останатите пријавени кандидати.

Со цел проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барање до НУЦК "------" – ----- за достава на информации и документација за постапките за вработување на актери спроведени од НУЦК „------" – ------.

Во законски утврдениот рок, се добиени бараните информации и од увидот во доставената документација е утврдена следната фактичка состојба:

Во 2022 година, по добивање на согласност од Министерството за финансии, за вработување на двајца извршители на работно место актер четврта група, на ден --.--.2022 година од страна на директорот на НУЦК „------" – ------ била донесена Одлука за вработување на лица на определено време до --.--.2022 година број 04---/1 од --.--.2022 година, врз основа на која на ден --.--.2022 година бил објавен јавен оглас број 04-----/1 за вработување на двајца извршители на работно место актер четврта група на определено време до --.--.2022 година.

Пристигнатите апликации и документи на пријавените кандидати на огласот биле прегледани и проверени од страна на Комисија за постапка за вработување, формирана од страна на директорот и била спроведена постапка за селекција за вработување, со сите предвидени фази, а за извршената селекција Комисијата составила записници. Врз основа на изготвените записници и дадени предлози од страна на Комисијата, директорот донел одлуки за избор на кандидати по јавниот оглас за вработување на определено време со број 04----/1 од --.--.2022 година за кандидатот ----- ------ и со број 04---/1 од --.--.2022 година за кандидатот ----- -----. Против двете одлуки пријавените кандидати на огласот имале право на жалба во рок од 8 дена од приемот до Управниот одбор на НУЦК „------" – ------, за што била дадена правна поука во одлуките.

Видно од Записниците составени од Комисијата за вработување, како и од Известувањето од претседателот на Комисијата, е дека примените кандидати на

огласот поседувале уредна и комплетна документација и за секој од нив било дадено позитивно мислење по спроведената аудиција и биле оценети со оценка „задоволува".

Пријавителот ------ ------ немал доставено комплетна документација и тоа конкретно немал доставено доказ дека ги исполнува општите услови, односно дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност, кој доказ не го доставил ниту во оставениот дополнителен рок од 3 дена, поради што воопшто немал право да продолжи во понатамошните фази од постапката за вработување, односно на аудиција.

Според член 77-е од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018), постапката за селекција за вработување се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју.

Според став 2 од истиот член, по исклучок од ставот (1) на овој член постапката за селекција за вработување на уметници се состои од проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и спроведување на постапка за аудиција.

Според став 3 од истиот член, кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на интервју односно на аудиција.

Според став 4 од истиот член, на интервјуто преку прашања се проверуваат компетенциите потребни за категоријата и нивото на која припаѓа работното место. На аудицијата се проверуваат уметничките способности на кандидатот. Според став 5 од истиот член, во рок од три дена Комисијата подготвува и до директорот на јавната установа од областа на културата доставува предлог на кандидат.

Според член 77-ж став 1 од Законот за културата, директорот на јавната установа од областа на културата во рок од пет дена од денот на добивањето на предлогот од членот 77-е став 5 од овој закон, е должен да донесе одлука за избор.

Според став 3 од истиот член, против одлуката од ставот 1 на овој член незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Управниот одбор на јавната установа од областа на културата.

Видно од доставената документација за постапката за вработување на актери спроведена од НУЦК „------" – ------ е дека постапката е во целост спроведена согласно со цитираните одредби од Законот за културата, како и согласно со Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување на давателите на јавни услуги во НУ – Центар за култура „------" – ------ од --.--.2021 година и со Правилникот за спроведување на аудиција и реаудиција во НУ – Центар за култура „------" – ------ од јули 2021 година.

Од страна на Комисијата за спроведување на постапката за вработување по јавен оглас формирана со Решение донесено од директорот на НУ – Центар за култура „------" – ------ од --.--.2022 година, било утврдено дека примените кандидати на огласот поседувале уредна и комплетна документација и за секој од нив било дадено позитивно мислење по спроведената аудиција и биле оценети со оценка „задоволува".

Подносителот на пријавата, иако поради некомплетна документација не ја поминал постапката за проверка на веродостојноста на доставените податоци и докази на јавниот оглас, со оглед дека бил пријавен на огласот, доколку бил незадоволен од одлуките за изборот, согласно со член 77-ж став 3 од Законот за културата имал право на правен лек – жалба до Управниот одбор на националната установа.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од погоре изнесените причини ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат, односно во случајот не е констатирана повреда на закон, поради што одлучи да се запре понатамошното постапување по предметот.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата